Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 336/0306
20.12 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14-ти декември 2022 година, врз основа на примена жалба од Теодора Милеска, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Прилогот насловен „Пет проценти од студентките на УКИМ се соочиле со сексуално вознемирување“, објавен на Телевизија „Сител“, не отстапува од професионалните и етички стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28-ми ноември 2022 година, Теодора Милеска поднесе жалба за прилогот со наслов „Пет проценти од студентките на УКИМ се соочиле со сексуално вознемирување“, емитуван на 28-ми ноември 2022 година во вестите на Телевизија „Сител“ и објавен на веб-страницата на медиумот (www.sitel.com.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

Дополнително, жалителката, како една од авторите на „Истражување за перцепции и искуства со сексуално вознемирување“[1], истакнува дека објавата емитувана во вестите на телевизијата во 16 часот, претставува невнимателно и неетичко известување. Милеска нагласува дека во ниту еден дел од истражувањето не било истакнато дека студентите сами нуделе сексуални услуги. Смета дека со така презентираната вест гледачите и читателите биле наведени на погрешни информации.

*„Преку ваквото формулирање на целта на истражувањето, вината за сексуалното вознемирување се префрла од сторителот кој жртвата, овекувачувајќи ја праксата на обвинување на жртвите. Дополнително вкупниот број на испитаници во истражувањето е 347, наместо 277 како што е напишано во објавата“,* вели жалителката Теодора Милеска во поднесената претставка до Советот за етика.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Сител“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

[1] https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/19771.pdf

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот на „Сител“ нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата не најде доволно елементи да констатира неточно и нефер известување и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13, на кои упатува жалителот.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека Телевизија „Сител“ не е член на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 14-ти декември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за телевизиски прилог, во кој е презентиран дел од истражување на Фондацијата „Фридрих Еберт“ кое се однесува на искуствата и перцепцијата на студентите за сексуалното вознемирување на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје.

Комисијата се согласи дека содржината е од широк јавен интерес. Иако во прилогот на „Сител“ се изнесени неточни податоци во однос на предметното истражување, сепак, Комисијата се согласи дека медиумот, во случајов, нема одговорност. Ова од причини што новинарот во прилогот се повикува на јавно искажување (изјава) на еден од авторите на истражувањето. Тој во изјава за медиумите, самиот изнесува суштински погрешни факти, кои не се содржани во истражувањето, а од кои се подразбира дека и студентите постапувале неморално.

***„Процентот на уцена или <u>нудење сексуални услуги за успех</u> или одредени привилегии е мал во процент, но не треба ни да постои всушност...“,*** вели еден од истражувачите во прилогот на ТВ “Сител“.

Став на Комисијата е дека горенаведена изјава на истражувачот, веројатно е невнимателно или несмасно искажана, но тоа, секако, не можат да го знаат или претпостават медиумите кога пренесуваат информации на дневна основа. Комисијата смета дека поради ваквиот сплет на околности, новинарот бил доведен во заблуда и затоа, тој не може да сноси одговорност за пренесување информации, макар и неточни, ако се презентирани од релевантни и веродостојни извори, како во случајов. Медиумот можел, но и не морал да го анализира истражувањето од 30-ина страници за да ги увиди вистинските факти дека студентите воопшто и не биле споменати дека нуделе сексуални услуги. Не секогаш новинарите имаат

простор да ги согледаат сите детали и факти, особено кога нивната работа е врзана за временски рок и кога известуваат за дневни настани.

Оттука, Комисијата во прилогот на „Сител“ не најде доволно елементи за да констатира повреда на членовите од Кодексот на новинарите. Во однос на забелешката на жалителката дека новинарот изнел погрешни податоци за вкупниот број испитаници во истражувањето, Комисијата оцени дека се работи за ненамерна грешка која значајно не влијае на фактите или контекстот од истражувањето. Комисијата утврди дека новинарот, наместо вкупната бројка која официјално изнесува 347 испитаници, го навел бројот на испитаници од женски пол, односно 277.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595